ВМРО-ДПМНЕ
(ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство)
Бр. 02-42/1
01.02 2022 год.
СКОПЈЕ

ПАРТИСКИ ИСТРАЖУВАЧКО – АНАЛИТИЧКИ ЦЕНТАР
„Љубиша Георгиевски“

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

- 2022 година -

# Содржина


Вовед ........................................ 3

Визија, мисија и стратешки цели ........................................ 4

Планирани активности ........................................ 5

1. Структурни активности ........................................ 5
2. Подигнување на видливоста на ПИАЦ ........................................ 5
3. Истражувања на јавното мислење и анализи ........................................ 6
4. Јавни активности ........................................ 8
5. Учество во проекти на органите и телата на ВМРО-ДПМНЕ ........................................ 9
6. Градење на капацитетите на ПИАЦ ........................................ 10

Анализа на силни и слаби страни на ПИАЦ ........................................ 12

Документи врз кои се заснова Годишната програма на ПИАЦ ........................................ 14

## Вовед

Согласно на Законот за партиски истражувачко – аналитички центри (Сл. весник 23/2013, 15/2015), ВМРО-ДПМНЕ со измените на Статутот на партијата и одлуките на раководните тела, во 2018 година го формираше Партискиот истражувачко – аналитички центар „Христо Матов“ (во понатамошниот текст ПИАЦ). Со статутарните промени кои стапија на сила на 21.07.2020 година, ПИАЦ го доби името на еден од доајените на македонскиот театар и политика, Љубиша Георгиевски. Член 74 од Статутот на ВМРО-ДПМНЕ ги уредува работата, надлежностите и раководењето на ПИАЦ.

Во досегашната работа, а во соработка и со поддршка од меѓународните партнери на ВМРО-ДПМНЕ, ПИАЦ пристапи кон подготовка на неколку стратешки документи, меѓу кои: стратешки план на ПИАЦ, акти за систематизација на работни места на ПИАЦ, деловник за, Кодекс за етичко постапување на носители на јавни функции, итн.

Во рамки на досегашните активности, ПИАЦ соработуваше со домашни и меѓународни партнери и сродни организации, а особено кон исполнување на активностите пропишани во законите кои ја уредуваат работата на ПИАЦ.

Годишната програма за работа за 2022 година ги наведува визијата, мисијата и општите цели на ПИАЦ, како и анализа на предностите, слабостите, опасностите и можностите за развој на ПИАЦ во 2022 година (SWOT анализа)[1]. Понатаму, наведени се активностите кои се планира да се спроведат од страна на ПИАЦ во 2022 година, поделени во неколку клучни области:

- комплетирање на процесот на внатрешно позиционирање и реструктурирање на ПИАЦ;
- истражувања на јавното мислење и анализи во редовното работење, со можност за зголемување на активностите при евентуален предизборен период;
- зголемување на видливоста на ПИАЦ и ажурно јавно информирање на активностите на ПИАЦ
- активности за изработка на стратешки документи за потребите на ПИАЦ и според потребите на другите тела и органи на ВМРО – ДПМНЕ;
- јавни активности за градење на позитивен имиџ и промовирање на нови ефективни опции за политики базирани на докази, истражувања и анализи;
- учество во проекти во соработка со органите и телата на ВМРО-ДПМНЕ
- градење на капацитетите на ПИАЦ за постигнување ефективна организација, која испорачува резултати и која е со докажана професионалност и компетентност.

Од страна на ПИАЦ, перманентно ќе се следи реализирањето на Годишната програма за работа, а по завршување на првите шест месеци, ќе биде направена анализа на реализацијата на програмираните активности и во зависност од утврдените состојби, ќе биде направена соодветна измена или дополнување на истата. Според обврските од Деловникот за работа на ПИАЦ, истиот ќе ќе изработи Годишен извештај за реализација на програмата по завршување на тековната година.

---

[1] Анализа на силни и слаби страни, како и можности и закани за понатамошен развој (Strength, Weakness, Opportunities, Threats Analysis – SWOT) Во една организација, SWOT анализата вклучува прецизно одредување на овие области за да им се помогне на менаџерите во идентификувањето на клучните факти, а со тоа да им се даде фокус на она што треба да се реши и свесност за релевантните можности и можните закани. Како таква, SWOT анализата е препорачана од некои како врвна алатка за анализа (Hatton et al., 1992). - http://www.cymeon.com/swot-history, пристапено на 25.12.2020

## Визија, мисија и стратешки цели

Според Законот за партиски истражувачко-аналитички центри, работата на ПИАЦ е поделена на оперативен и проектен дел, со соодветно финансирање од Буџетот. Оперативниот дел се состои од периодични истражувања со употреба на прифатена методологија (изработка на квалитативни, квантитативни, SWOT, PESTLE[2] и друг вид анализи), обработка на податоци за потребите на политичката партија, планирање на идните активности, како и други активности поврзани со функционирањето и политиката на партијата. Проектниот дел се состои од организацијата на трибини, дебати, семинари, работилници, истражувања на јавното мислење, публикација на студии и истражувања, евалуација на политики, следење на општествените процеси во Македонија, меѓупартиски и меѓународни активности и други работи од областа на истражувачко аналитичките активности и активности во врска со стратешкото политичко планирање.

**Визијата** на ПИАЦ, според Стратешкиот план 2019-2022 година, е да се поттикне политичката мисла за подобро утре на Македонија.

**Мисијата** на ПИАЦ е поддршка на носителите на одлуки и креатори на мислење во ВМРО-ДПМНЕ со нови и ефективни опции за политики, и обезбедување основа за политичка акција на членството на ВМРО-ДПМНЕ и граѓаните.

Основни **вредности на** ПИАЦ се вредностите и принципите на ВМРО-ДПМНЕ и Европската народна парија (ЕПП).

**Целни групи** на ПИАЦ се потесното и поширокото раководство на ВМРО-ДПМНЕ (Извршен и Централен комитет), членството на партијата, како и јавноста. Истражувањата и анализите ќе бидат наменети и за специфични целни групи.

Засновано на општиот контекст, приоритетните потреби, активностите на другите чинители, како и својата сопствена улога, ПИАЦ, според стратешкиот план, има дефинирано **четири стратешки цели за периодот 2019 – 2022 година** и тоа:

- ПИАЦ – ***истражувачко-аналитички центар со кредибилитет и углед***, ***со подобрена комуникација*** со надворешни актери и подготвен за силни партнерства;
- Изработка на квалитетни ***истражувања и анализи*** на рејтинг на партијата и личности на национално и локално ниво;
- Пронаоѓање и креирање ***нови и ефективни опции за политики***, преку истражувања и анализи и дебати;
- ПИАЦ со ***ефективна организација и докажана професионалност и компетентност***.

Во таа смисла, општите и поединечните цели, како и активностите наведени во Годишната програма, соодветствуваат и придонесуваат кон исполнување на стратешките цели за тригодишниот период, наведени во Стратешкиот план на ПИАЦ.

---

[2] PESTLE е мнемоника која во својата проширена форма означува Р за политичко, Е за економско, С за социјално, Т за технолошко, Л за правно и Е за околина. Методот дава птичја перспектива на целата околина од многу различни агли кои се важни за анализа додека се размислува за одредена идеја/план - https://pestleanalysis.com/what-is-pestle-analysis/, пристапено на 25.12.2020.

## Планирани активности

### 1. Структурни активности

**ОСНОВНА ЦЕЛ:**

Зачувување и подигнување на кредибилитетот и угледот на истражувачко-аналитичкиот центар, негово внатрепартиско позиционирање, ефективна организација и целосна функционалност.

**АКТИВНОСТИ:**

- Изработка на Годишна програма за работа за 2022 година
- Отпочнување постапка за донесување нов Стратешки план за работа на ПИАЦ 2023 - 2026
- Изработка на органограм и дата база на расположливи капацитети во партијата, кои се постоечки и потенцијални соработници на ПИАЦ
- Донесување план за ангажирање волонтери и практиканти во ПИАЦ

### 2. Подигнување на видливоста на ПИАЦ

ПИАЦ е релативно нова организациска единица, која зад себе веќе има неколкугодишно успешно функционирање. Центарот треба да развива силни и ефективни партнерства внатре во ВМРО-ДПМНЕ, во земјата, во регионот и Европа, и во светот.

**ОСНОВНА ЦЕЛ:**

ПИАЦ да развие соодветна комуникација и координација со внатрепартиски и надворешни актери, како и да се подготви за силни домашни и меѓународни партнерства.

**ПОЕДИНЕЧНИ ЦЕЛИ:**

Продлабочување на соработката со потесното раководство на ВМРО-ДПМНЕ, комисиите на партијата и Центарот за комуникации, и другите органи и тела на партијата.

ПИАЦ посебен фокус ќе стави на соработката со Парламентарниот институт и со асистентите на пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

ПИАЦ ќе соработува со другите центри во земјата за прашања од заеднички интерес, како на пример реализација на законот за ПИАЦ, државното финансирање итн.

Ќе се продлабочи соработката со партиски поврзаните организации во земјата како Конрад Аденауер, ИРИ и НДИ, ИФЕС но и со другите тинк-тенкови во земјата, како и со сличните центри во регионот. Особено ќе се разгледаат можностите за вклучување во европски и глобални мрежи, како Вилфред Мартенс центар за европски студии.

ПИАЦ ќе ги гради односите со јавноста, со поголемо учество на своите вработени во медиумите, вклучувајќи и гостувања на партиски организирани настани, давање изјави, мислења и ставови или учество во дебати.

ПИАЦ ќе посвети особено внимание на сопствениот брендинг, заради истакнување на истражувачката и аналитичката улога на центарот.

**ОПИС НА АКТИВНОСТИ**

| Активности | Показатели | Резултати | Средства |
|---|---|---|---|
| Средби со Парламентарен институт | 2 средби | Силни партнерства и подобрени односи со јавноста за подобар кредибилитет | Оперативни трошоци на ПИАЦ |
| Средби со други ПИАЦ | 2 средби | | Оперативни трошоци на ПИАЦ и поддршка од партнери |
| Членство во меѓународни мрежи и учество на меѓународни настани | Мин. 2 настани и организиран настан во соработка со КАС во Скопје | | Оперативни трошоци на ПИАЦ, поддршка од партнери |
| Брендирање на ПИАЦ | Комуникација на новиот брендинг во јавност (online и ТВ) | Изградена препознатливост на ПИАЦ | Оперативни трошоци на ПИАЦ, и соработка со партнери |
| Јавни презентации и контакт со јавноста преку медиуми | 2 јавни настани и континуирано преку медиуми | Промовирање на економската и политичката идеологија за која се залага партијата | Оперативни и проектни трошоци на ПИАЦ |

## 3. Истражувања на јавното мислење и анализи

ПИАЦ редовно ќе го истражува јавното мислење, за свои но и за потреби на партијата, за тековни политички прашања и активности. Истражувачко – аналитичкиот центар преку детални, професионални, истражувачки и синхронизирани анализи ќе се залага за воспоставување стратешки и одржлив систем за креирање на политики од страна на извршните, централните, но и локалните и регионалните тела. Врз база на анкетите, како и политичките активности, ПИАЦ ќе спроведува анализи за внатрепартиска употреба кои ќе ги доставува до потесното и поширoко раководство на партијата. Овој тип на анализи ќе се извршува на квартално ниво додека пак во изборниот циклус ќе бидат спроведувани на неделно ниво. Секако, според дефинираните потреби на раководните органи на партијата, интензитетот на анализите може да биде по специјална тема и нарачка за која нема временска рамка.

**ОСНОВНА ЦЕЛ:**

Изработка на квалитетни истражувања и анализи на рејтинг на партијата и личности на национално и локално ниво, во редовното работење и во евентуален предизборен период.

**ПОЕДИНЕЧНИ ЦЕЛИ:**

Изработување на редовни истражувања на рејтинг на партијата и личности на национално и локално ниво, што ќе придонесе кон подобро разбирање на перцепциите за партиите и личностите на национално и локално ниво, вклучувајќи и по одредени социодемографски групи.

Особен осврт кон зајакнување и промовирање на економската и политичката идеологија за која се залага партијата.

Следење на истражувања на други релевантни организации, и нивна адаптација за употреба во рамки на креирањето политики во партијата.

Вклучување на ПИАЦ во предизборен период во масовно истражување на потребите на граѓаните, според одлуките на раководните органи и тела на ВМРО-ДПМНЕ.

Изнаоѓање нови и ефективни опции за политики, преку истражувања и анализи во меѓуизборниот период, со фокус на политики кои се од висок приоритет за државата и за ВМРО-ДПМНЕ, како здравство, владеење на правото и реформи на јавната администрација, или пак економија и вработување. Од посебен интерес за ПИАЦ се младите и миграциите. Во сите политики ќе се внимава на родовите прашања.

## ОПИС НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Показатели | Резултати | Средства |
|---|---|---|---|
| Истражувања на рејтинг на партија и личности на национално ниво | 12 анкети/годишно Соработка со надворешни организации за истражувања на јавно мислење (потпишан договор) | Подобро разбирање на перцепциите за прашањата од интерес на граѓаните, довербата во партиите и личностите | Проектни трошоци на ПИАЦ и соработка со партнери |
| Истражувања на прашања од интерес на граѓаните, проблеми, предизвици, успешност на владини политики | 12 анкети/годишно Соработка со надворешни организации за истражувања на јавно мислење (потпишан договор) | | Проектни трошоци на ПИАЦ и соработка со партнери |
| Соработка со други организации во изработка на истражувања и следење на резултати од истражувања на трети лица | Редовно | Искористување на податоци за креирање политики во рамки на партиските тела и органи | Оперативни трошоци на ПИАЦ |
| Интернет панел истражувања | Редовно | | Оперативни трошоци на ПИАЦ |
| Учество во евентуално предизборно масовно истражување на потребите на граѓаните | Предизборни активности (доколку ги има) | Изработка на политичка понуда за потребите/проблемите на граѓаните | Проектни трошоци на ПИАЦ и финансии од партијата |
| Студии за политики | 2 студии | | Оперативни трошоци на ПИАЦ и соработка со партнери (ИФЕС) |
| Компаративни студии на политики (Policy Brief) фокусирани на определена тема или во општина | 2 студии | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Анализи и кратки инфо-график презентации | На барање на раководството на Партијата | Нови и ефективни опции за политики | Оперативни трошоци на ПИАЦ и соработка со партнери |
| Подготовка на позиција на ВМРО-ДПМНЕ за важни политики и регулативи | Подготвени 4-6 позиции | | Оперативни трошоци на ПИАЦ |
| Подготовка на позиција на ВМРО-ДПМНЕ за соодветни области | Подготвени 4-6 позиции | | Оперативни трошоци на ПИАЦ |

## 4. Јавни активности

ПИАЦ веќе изгради добра комуникација со другите тела и органи на партијата, а активно гради препознатливост на сопствениот квалитет и углед со медиуми, невладини организации, експерти, научна јавност и целокупната јавност. Многу е важно тој процес на организирање јавни активности да продолжи.

ПИАЦ, според својот Деловник, има за задача да спроведува активности за едукација и информирање на партиските членови и носители на партиски и државни функции, кои вклучуваат трибини, дебати, семинари, работилници и други едукативни настани.

Како дел од јавните активности кои што ќе ги спроведува ПИАЦ се подразбираат и контакти со партиските комитети во сите општини во државата во текот на годината. Идејата е партиските членови директно да бидат запознаени со работата на ПИАЦ и да даваат свои предлози и сугестии. Преку презентација ќе бидат запознаени со активностите расположението и тековните анкети расположливи за јавен карактер. Исто така преку јавните настапи ќе може да се утврди внатрепартиското расположение и можности за подобрување на внатрепартиската комуникација.

**ОСНОВНА ЦЕЛ:**

Промоција на нови и ефективни опции за политики базирани на докази, истражувања и анализи.

**ПОЕДИНЕЧНИ ЦЕЛИ:**

Градење на квалитетен однос со медиумите и пошироката јавност преку учество во дебати на медиуми и изјави за медиумите.

Учество во политичката наобразба, градењето тимови и едукацијата на партиското членство и активистите преку организација на работилници, обуки и академии. Посветување особено внимание на младите и жените во партиските тела и органи, како и лицата со попреченост.

Воспоставување и одржување директен контакт со општинските комитети во сите градови во државата во текот на годината, со што партиските членови ќе можат директно да дадат предлози како и да бидат информирани за работата на ПИАЦ.

**ОПИС НА АКТИВНОСТИ**

| Активности | Показатели | Резултати | Средства |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изјави за медиуми и учество во дебати од делокругот на работата | Број и квалитет на изјави и дебати (Прес клипинг) | Квалитетен однос со јавноста, препознатливост на вработените | Оперативни трошоци на ПИАЦ |
| Политичка академија: Млади и жени во донесувањето одлуки – мост помеѓу активистите и носителите на одлуки | Организиран формат на обучување на 40 учесници | Информирани и едуцирани партиски членови за политички и идеолошки основни на партиско делување | Проектни трошоци на ПИАЦ и соработка со КАС |
| Избраните претставници поблиску до граѓаните – методи на претставување | Организиран формат на обучување на 60 учесници | Информирани и едуцирани претставници на граѓаните во Собранието за подобро претставување на потребите на граѓаните | Проектни трошоци на ПИАЦ и соработка со КАС |
| Посети на општински комитети и учество на настани организирани на локално ниво | 20 посети и настани | Директен контакт со активисти и членство, информирање и фидбек | Оперативни трошоци на ПИАЦ |

## 5. Учество во проекти на органите и телата на ВМРО-ДПМНЕ

Земајќи ја предвид улогата на младите и жените во градењето на успешно демократско општество, ПИАЦ особено се залага за квалитетно вклучување на овие структури во носењето одлуки. Затоа, ПИАЦ, покрај своите зацртани проекти и активности, има за цел да работи на проекти и активности, иницирани и водени од другите органи и тела на ВМРО ДПМНЕ, на барање на раководството на партијата или по сопствена иницијатива. Овие проекти би биле во договор согласно потребите, и би биле одредувани од раководството на партијата и Раководителот на ПИАЦ.

**ОСНОВНА ЦЕЛ:**

Активно вклучување на ПИАЦ во проекти кои ги реализираат другите органи и тела на Партијата, заради пронаоѓање и креирање нови и ефективни опции за политики.

**ПОЕДИНЕЧНИ ЦЕЛИ:**

Остварување директна соработка и помош на членови на Унијата на млади сили при учество на проекти.

Учество во рамки на проекти и активности организирани од Унијата на жени, во рамки на делокругот на активности на ПИАЦ.

Изработка на анализи и студии за потребите на Централните комисии на ВМРО-ДПМНЕ.

Помош и поддршка на работата на другите тела и органи на ВМРО-ДПМНЕ, во согласност со закон, Статут и Деловник за работа на ПИАЦ, а според потребите на соодветните тела.

**ОПИС НА АКТИВНОСТИ**

| Активности | Показатели | Резултати | Средства |
|---|---|---|---|
| Соработка со УМС при аплицирање на други проекти, семинари и конференции | Континуирана соработка | Поддршка на работата на УМС | Оперативни трошоци на ПИАЦ, поддршка од партнери |
| Учество во работни групи за поголема вклученост на жените во носењето одлуки, како и ненасилство на жените во политиката | Работна група на НДИ | Изготвена проценка на состојбите; Изготвен акционен план; | Оперативни трошоци на ПИАЦ, поддршка од партнери |
| Учество на панел дискусии организирани од УМС, УЖ и други тела и органи од делокругот на работата на ПИАЦ | 4-6 учества | | Оперативни трошоци на ПИАЦ, поддршка од партнери |
| Студии и анализи за потребите на Комисиите на ВМРО-ДПМНЕ | 4 студии/анализи | Придонес кон јавни дебати за политики базирани на докази | Оперативни трошоци на ПИАЦ, поддршка од партнери |
| Ад хок анализи | Според барањата и потребите | Изработка на квалитетни студии/анализи заради политики кои одговараат на потребите на граѓаните | Оперативни трошоци на ПИАЦ и соработка со партнери |

## 6. Градење на капацитетите на ПИАЦ

Градењето на капацитетите на ПИАЦ подразбира зголемување на човечкиот потенцијал на постојниот, како и ангажирање нов стручен и професионален кадар според потребите и можностите.

**ОСНОВНА ЦЕЛ:**

ПИАЦ да се изгради во ефективна организација, која испорачува резултати и која е со докажана професионалност и компетентност.

**ПОЕДИНЕЧНИ ЦЕЛИ:**

Преку донесување на соодветни правни документи, да се востанови и прилагоди организацискиот систем и процесите на работа, според потребите на ПИАЦ.

ПИАЦ, преку обуки и студиски посети, да изгради внатрешен капацитет, што ќе биде соодветно екипиран, професионален и компетентен.

Зголемување на мрежата на соработници на ПИАЦ преку ангажман на волонтери и соработка со надворешни партнери.

## ОПИС НА АКТИВНОСТИ

| Активности | Показатели | Резултати | Средства |
| --- | --- | --- | --- |
| Обуки за вработените и соработниците – во област на обработка на податоци и односи со јавност | Учество на 4 обуки | Професионален и компетентен кадар и развој на човечките потенцијали | Трошоци за обука од Буџет на РМ, соработка со партнери |
| Обука за градење на транспарентност во работењето | Неколкудневен семинар | | Покриени трошоци во соработка со партнери |
| Ангажирање на волонтери | Јавен повик и ангажман на 2 волонтери на определено време | Екипираност со професионални соработници | Оперативни трошоци на ПИАЦ |
| Студиски посети на вработените и соработниците | Во зависност од контекстот и можностите | Градење внатрешен капацитет | Партнери на ПИАЦ, поддршка од ИФЕС |

## Анализа на силни и слаби страни на ПИАЦ

**(SWOT анализа)**

**Силни страни:**

- ПИАЦ помина низ процес на формирање, екипирање и реструктурирање и ја ужива довербата на раководството на ВМРО-ДПМНЕ;
- Центарот има добра реална позиционираност во рамки на партијата (своја сопствена канцеларија, основна ИКТ опрема), како и функционален пристап до раководството, органите и членството на партијата;
- Центарот е наменет за детални, професионални, истражувачки и синхронозирани партиски анализи;
- Деталните, професионални, истражувачки и синхронизирани анализи овозможуваат одржлив систем за креирање на политики од страна на извршните, централни, но и локални и регионални раководства;
- Анализите ги зајакнуваат капацитетите на партијата, овозможувајќи стартна позиција на секој активист за согледување на проблемите, давајќи основа за понатамошно дејство во насока на изнаоѓање активности, идеи и решенија за истите;
- ПИАЦ овозможува пристап базиран на анализи и истражувања на членовите на ВМРО-ДПМНЕ, кој претставува надополнување на теренскиот ангажман;
- ПИАЦ има загарантирано буџетско финансирање од страна на државниот Буџет, врз основа на Законот за партиски истражувачки аналитички центри;
- Центарот има воспоставено контакт со меѓународните партнери на ВМРО-ДПМНЕ (ИРИ, НДИ, ИФЕС, КАС, WMF и други) со кои има искуство во заедничко организирање настани и соработка при проекти;
- ПИАЦ е препознаен како функционална единка од страна на домашни невладини организации во овој сектор.
- ВМРО-ДПМНЕ, по историскиот успех на Локалните избори 2021 година е во позиција на власт во голем дел од општините во државата, како и во Градот Скопје.

**Слаби страни**

- ПИАЦ е во рана фаза на својата функционална и реална екипираност, во врска со неговите човечки капацитети и исполнување на целосниот потенцијал на вработените и соработниците;
- По предвремените парламентарни избори во 2020 година, ВМРО-ДПМНЕ останува во опозиција на централно ниво;
- ПИАЦ и ВМРО-ДПМНЕ има ограничена достапност на луѓе за јавни настапи како комбиниран проблем на вулгаризација на политиката во поширокиот државен контекст, ефект на „бомбите“ и страв од прогон.
- ПИАЦ има финансиска ограниченост на ресурсите
- Централизираната моќ во политичките партии на македонската политичка сцена доведува до гледање на секое новоформирано тело како „внатрешна закана“ за деволуција на моќта на постоечките органи и тела;

**Закани**

- Според досегашното искуство, дилема останува финансиската стабилност на ПИАЦ, и реализацијата на зацртаните проекти кои зависат од државно финансирање заради (не)редовност на исплати од страна на Владата и Министерството за правда, како и изричната законска забрана за финансирање на партиите од странски донатори;
- Разбирањето на политиката како кризен менаџмент, често го дефокусира раководството на политичките партии од стратешкиот правец на ПИАЦ и зацртаните активности;
- ПИАЦ нема законски утврден самостоен правен статус (без форма на правно лице) и има ограничени можности за екстерно финансирање;

**Можности за справување со слабите страни и заканите**

- Годишната програма за работа на ПИАЦ предвидува зголемување на човечкиот капацитет на ПИАЦ преку дообука на вработените во соодветни области, како и ангажирање волонтерски кадар;
- Постои дополнителен простор за соработка со домашни и меѓународни партнери од невладиниот и донаторскиот сектор, при креирање на политики и обезбедување реализација на проектите на ПИАЦ;
- Постои простор за зголемена видливост на ПИАЦ при евентуални предвремени парламентарни избори;
- Преку поголем фокус на внатрешното функционирање на ПИАЦ, дефинирање на цел/функција на ПИАЦ, целните групи, организацијата и човечките ресурси, утврдување на методологија за работа, ќе се постигне поголема успешност во дефинирање и остварување на стратешкиот правец на ПИАЦ;
- Соработката со локални нивоа на партијата, како и со Парламентарниот институт и парламентарни асистенти, други ПИАЦи, како и други домашни и меѓународни тинк-тенкови поврзани со ЕПП, дозволува поголема активност и видливост на ПИАЦ.

## Документи врз кои се заснова Годишната програма на ПИАЦ

- Закон за партиски истражувачко – аналитички центри (Сл. весник 23/2013, 15/2015)
- Статут на ВМРО-ДПМНЕ
- Стратешки план за работа на ПИАЦ (2019-2022)
- Деловник за работа на ПИАЦ
- Годишен извештај за работата на ПИАЦ за 2020 и 2021 година

Во Скопје,

27.01.2022

Раководител на ПИАЦ „Љубиша Георгиевски“

м-р Стефан Андоновски